ЗАПИСНИК

од 69-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 30.05.2025 год.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни осум членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата не присуствуваше советникот Горан Велјановски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Анета Киселоска - раководител, и Николина Лозановска - советник.

На седницата како гости присуствуваа: Весна Кочанковска, Соња Стојановска, Тони Апостоловски и Зоран Паљо Лазаровски, претставници на Граѓанската иницијатива за распишување на локален референдум во Општина Новаци. Македонка Соклевска - овластен предлагач на граѓанската иницијатива, со задоцнување се приклучи во работата на седницата.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 68-та седница на Советот на Општина Новаци;
2. Разгледување на Предлог граѓанска иницијатива за распишување на локален референдум во Општина Новаци доставена од Претседателот на Советот на Општина Новаци;
3. Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на висината на стапките на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности во Општина Новаци;
4. Разгледување на Финансиски извештај за првиот квартал од работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола за 2025 година;
5. Разгледување на Барање од Добре Котевски од с. Добромири, за набавка на ортопедско помагало за неговиот син Ѓорги, лице со посебни потреби;
6. Разгледување на Барање за набавка на градежен материјал од манастирскиот одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ од с. Рапеш;
7. Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош

1. Разгледување на Барање од Мартина Димитриевска од с. Новаци, за еднократна парична помош за нејзината ќерка, како лице со здравствени проблеми (бр.08-109/77 од 19.05.2025)
2. Разгледување на Барање од Љупчо Митковски од с. Рапеш за еднократна парична помош за неговата ќерка, како лице со посебни потреби (бр. 08-109/75 од 16.05.2025 год.)

Откако Претседателката на Советот ги поздрави присутните и го прочита дневниот ред, советниците го разгледаа дневниот ред и истиот без забелешки беше прифатен со **8 гласа за**. Така дневниот ред на 69-та седница на Советот на Општина Новаци со дополнувањата е составен од 9 (девет) точки, со тоа што точката бр. 7 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 9.

1. **точка** Разгледување и усвојување на Записник од 68-та седница на Советот на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 68-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **8 гласа за.**

2. **точка** Разгледување на Предлог граѓанска иницијатива за распишување на локален референдум во Општина Новаци доставена од Претседателот на Советот на Општина Новаци;

По однос на оваа точка, збор зеде Претседателката на Советот, Најдовска - Стојковска, која пред советниците и гостите даде детално објаснување за потреба од поставување на ова прашање како точка за разгледување на дневен ред. Поточно до Претседателката на Советот на 16.05.2025 год. беше доставена Предлог граѓанската иницијатива за распишување на локален референдум. Таа како Претседател на овој Совет ја почитува желбата на месното население од една страна, но нејзин приоритет е и законското работење на овој состав на Советот на Општина Новаци. За правилно решавање на ова прашање, таа писмено се обратила за насока во понатамошно постапување, до Министерството за локална самоуправа како надлежно министерство на ЕЛС, како и до Министерството за животна средина и просторно уредување како министерство кое го третира прашањето за управување со отпад. Доставените барања како и доспеаните одговори т.е мислења беа прочитани пред присутните. Бидејќи добиените мислења од ресорните министерства не дадоа прецизни и јасни насоки за понатамошно постапување по однос на Предлог граѓанска иницијатива за распишување на локален референдум во Општина Новаци, Претседателката предложи целокупната документација која се однесува на ова прашање да се достави до Владата на РСМ која е најкомпетентна да одговори, бидејќи регионалната депонија е објект од прва категорија што значи дека е од државен интерес. Таа смета дека најголемата недоумица е тоа што прашањето за Регионален центар за управување со отпад кој се планира да се гради на територија на Општина Новаци е од локално значење, но истовремено ова прашање не е во надлежност на Советот на Општина Новаци и затоа Советот како таков, нема право да одлучува дали на територија на Општина Новаци може или неможе да се распишува референдум. Токму поради ова Претседателката предлага за решавање на ова прашање да се обрати до Владата на РСМ.

Анета Киселковска - раководител зеде збор и пред присутните даде објаснување дека под претпоставка, Советот на Општина Новаци да распише референдум и референдумот да биде успешен т.е месното население да се изјасни против Регионалниот центар за управување со отпад тогаш таквата одлука е задолжителна т.е. Советот на Општина мора да ја спроведе таквата одлука. Но тука се појавува проблем, во тоа што Советот на Општина Новаци неможи да поништи одлука која не ја донел како што е во случајот.

Исто така во дискусијата се вклучи и Градоначалникот Стевановски кој беше повикан да одговори зошто ставил потпис на документ во 2021 год. Имено тој изјави дека единствено што потпишал е документ со кој ќе се формира Заедничко јавно претпријатие за управување со отпад и на истиот состанок било презентирано дека регионалните центри треба да опфаќаат минимално 250.000 жители, како што било регулирано во Европските закони и според критериумите на Светска банка. Воедно тој предлага сите заинтересирани граѓански асоцијации и здруженија да бидат вклучени во постапката за формирање на Заедничкото регионално претпријатие како и во назорот на негово работење ви иднина.

По неговото излагање, збор зедоа преставниците на Предлог граѓанската иницијатива за распишување на локален референдум во Општина Новаци.

Зоран Паљо Лазаревски изјави дека тие не се против регионален центар ако истиот биде изграден според законските европски стандарди, туку се против тој центар да го собира отпадот од 18 општини.

Тони Апостоловски изјави дека ваквата реакција од жителите на Општина Новаци и Општина Битола не е закасната како што некои тврдат и дека почетокот на нивните активности започнал со добивањето на информациите за ваков начин на решавање на проблемот со отпадот како и со добивање на информации за токсичното загадувањето кое е резултат од неправилното и незаконско работење на РЕК Битола.

Во дискусијта се вклучи и Весна Кочанковска која пред Советот предлага дислокација на депонијата од Општина Новаци на други локации кои според нејзини информации ги имаат истите услови како и условите што ги има локацијата во Општина Новаци, а тоа го поткрепи со соодветна карта на РСМ со означени соодветни локации.

По исцрпувањето на дискусијата Претседателката Најдовска Стојановска повторно достави предлог до советниците со кој целокупната документација за Предлог граѓанската иницијатива за распишување на локален референдум во Општина Новаци да се достави до Владата на РСМ како највисока истанца во решавањето на ова прашање.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Заклучок за проследување на предмет до Влада на Република Северна Македонија.

3. **точка** Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на висината на стапките на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности во Општина Новаци;

По разгледувањето на одлуката и по дискусијата, Советниците гласаа така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за утврдување на висината на стапките на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности во Општина Новаци;

4. **точка** Разгледување на Финансиски извештај за првиот квартал од работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола за 2025 година

Советниците го разгледаа Финасискиот извештај за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 год. според кој во првиот квартал МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола има загуба од 764.280,00 ден. додека на жиро сметка заклучно со 31.03.2025г има 1.543.475,00 ден. парични средства.

По дискусијата Советот на Општина Новаци со **5 гласа за и 3 гласа против** донесе Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП„ПЕЛАЛИНК“ Битола за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година

5. **точка** Разгледување на Барање од Добре Котевски од с. Добромири, за набавка на ортопедско помагало за неговиот син Ѓорги, лице со посебни потреби.

Претседателката на Советот по однос на ова прашање, изјави дека се работи за познат случај на лице со посебни потреби кое има потреба од набавка на ортопедско помагало кое во многу ќе му го подобри квалитетот на секојдневното живеење. Самото помагало чини 82.340,00 ден. Еден дел од средствата паѓаат на товар на Фондот за здравство, но остатокот во износ од 47.993,00 ден се на товар на родителите кои се наоѓаат во незавидна финансиска ситуација.

По кратката дискусија, Советот со **8 гласа за** донесе Одлука за одобрување финасиски средства за набавка на ортопедско помагало на Добре Котевски од с. Добромири.

*Советничката Сузана Јовановска од оправдани причини ја напушти работата на Советот.

6. **точка** Разгледување на Барање за набавка на градежен материјал од манастирскиот одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ од с. Рапеш;

Манастирскиот одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ од с. Рапеш достави барање до Советот на Општина Новаци за набавка на градежен материјал за изградба на трперзарија и кујна во комплексот на манастирот.

По дискусијата Советот гласаше така што со **7 гласа за** донесе Одлука за одобрување набавка на градежен материјал на манастирскиот одбор на манастирот „Св. Петар и Павле“ с. Рапеш во износ од 60.000,00 денари.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош

7. точка Разгледување на Барање од Мартина Димитриевска од с. Новаци, за еднократна парична помош за нејзината ќерка, како лице со здравствени проблеми (бр.08-109/77 од 19.05.2025)

Советот го разгледа барањето и **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Мартина Димитриевска од с. Новаци во износ од 20.000,00 ден.

8. точка Разгледување на Барање од Љупчо Митковски од с.Рапеш за еднократна парична помош за неговата ќерка, како лице со посебни потреби (бр. 08-109/75 од 16.05.2025 год.)

Советот го разгледа барањето од Љупчо Митковски од с.Рапеш за неговата ќерка Јагода, лице со оштетен вид и со **7 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Љупчо Митковски од с. Рапеш во износ од 20.000,00 ден.

9. точка Советнички прашања

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 69-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска